МАКЕДОНЦИТЕ ВО СВЕТОТ

34. ЦРКОВНО НАРОДЕН СОБОР Н ЕПАРХИЈА НА МПЦ, ВО "СВ. НИК

# НЕРАСКИНЛИВА Е ВРСКАТА МЕЃУ НАШИТЕ ВО ДИЈАСПОРАТА И МАТИЧНАТА ЗЕМЈА

**"Црквата е мајката водилка на сè она што македонскиот народ низ векови успеал да го издржи и да ги победи сите непријатели и дека и понатаму ќе биде стожер за зачувување на македонскиот идентитет и нација", истакна премиерот Никола Груевски.**

**"Со ова заедничко дружење ќе ја направиме нашата Црква уште посилна, покажувајќи му на останатиот свет дека ние, Македонците, имаме заедница со вистинска и единствена вера", порача Митрополитот американско-канадски г. Методиј.**

**Архиепископот Охридски и Македонски Г.Г. Стефан во знак на поддршка говореше за нераскинливата врска меѓу нашите во дијаспората и матичната земја, како и за непоколебливиот став кој го има Црквата по прашањето за името на Република Македонија.**

**Интернационалната невладина организација "Обединета македонска дијаспора", прв пат организирано дејствуваат со цел и задача да ја претстават Република Македонија севкупно, бранејќи го ставот за името на Република Македонија во Стејт департментот во Вашингтон и пред пошироката светска јавност.**



Пишува:
**Елизабета ХАЏИ-СТОЈАНОВА КОСТУРСКА**

Годинава, од 29 до 31 август 2008 година, се одржа 34. по ред Црковна конвенција на македонската православна Американско-канадска епархија во црквата "Свети Никола", во градот Тотова, во државата Њу Џерси, САД.

На тридневниот собир во Тотова, кој беше организиран од страна на Митрополитот американско-канадски Неговото Високо Преосвештенство г. Методиј, гости беа и Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски Г.Г. Стефан, премиерот на Република Македонија, г. Никола Груевски, и шефот на Кабинетот, г. Мартин Протуѓер, делагации од македонски почесни конзулати ширум Америка и Канада, претседателот на Собранието на Обединетите нации, г. Срѓан Керим, конгресменот Вилијам Паскрел од Њу Џерси, претседателот на Македонската Алијанса г. Ѓорѓија- Џорџ Атанасоски, претставници од здружението "Обединета македон-



КОНГРЕСМЕНОТ ВИЛИЈАМ ПАСКРЕЛ ОД ЊУ ЏЕРСИ И МАКЕДОНСКИОТ ПРЕМИЕР НИКОЛА ГРУЕВСКИ

# А АМЕРИКАНСКО-КАНАДСКАТА ПРАВОСЛАВНА ОЛА" - ТОТОВА, ЊУ ЏЕРСИ, САД





ЃОРЃИЈА-ЏОРЏ АТАНАСОСКИ СО КОНЗУЛОТ ВО ДЕТРОИТ, ДРАГАН ЈОРДАНОВСКИ

**Присутните на Конвенцијата ги поздрави и г. Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски, кој е нивни поддржувач и донатор уште од времето на нивните почетоци, при што вети дека ќе остане со нив и во иднина.**

**На оваа Конвенција тој ја потврди одлуката на следните претседателски избори во Република Македонија да се појави како претседателски кандидат, за што од сите присутни доби силен аплауз во знак на поддршка.**

**На тридневниот собир во Тотова, организиран од Митрополитот американско-канадски г. Методиј, гости беа Архиепископот Охридски и Македонски Г.Г. Стефан, премиерот на Република Македонија, г. Никола Груевски, шефот на Кабинетот, г. Мартин Протуѓер, делагации од македонски почесни конзулати ширум Америка и Канада, претседателот на Собранието на Обединетите нации, г. Срѓан Керим, конгресменот Вилијам Паскрел од Њу Џерси, претседателот на Македонската Алијанса г. Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски, претставници од здружението "Обединета македонска дијаспора", големи македонски патриоти и лобисти, како и многубројните Македонци од цела Америка, Канада, Македонија и од други земји од светот.**

ска дијаспора" и многу познати имиња на големи патриоти и лобисти за Македонија. За жал, на оваа конвенција не пристигна македонскиот амбасадор во САД, г. Зоран Јолески, од причина што во исто време се одржуваше 87. Конвенција на МПО, во Вестин Индианаполис-САД, каде тој присуствуваше.

## НЕГУВАЊЕ НА КУЛТУРНОТО И ДУХОВНОТО НАСЛЕДСТВО

Македонците кои ѝ припаѓаат на оваа црква прв пат беа домаќини и организатори на оваа Црковна конвенција и со голема гордост и гостопримство ги пречекаа многубројните Македонци од цела Америка, Канада, Македонија и од други земји од светот. Заедничкото дружење на оваа Црковна конвенција придонесе нашите религиозни и верски чувства да ја направат нашата Црква посилна и да му покажат на останатиот свет дека ние, Македонците, имаме заедница и вистинска вера во Троичниот Бог.

Македонската православна црква "Свети Никола" беше изградена во рок од две години и во тоа време осветена од Неговото Блаженство Г.Г. Михаил. Со неуморни сили градителите, дарителите и сите оние кои помагаа работеа да се изгради овој божји храм, кој ќе биде место во кое ќе се негуваат културното и духовното наследство на македонскиот народ и Македонската православна црква.



Секоја недела се одржува неделна богослужба, а најмладите се собираат и се дружат, негувајќи ги македонскиот фолклор и традиција. Така, и на оваа 34. по ред Црковна конвенција, во големата црковна сала, се одржа и фолклорен фестивал на кој учествуваа многу културно-уметнички друштва од македонските црковни здруженија од Америка и од Канада. Иако убавите млади момчиња и девојчиња не растеле во Македонија ниту, пак, имале можност изворно да ги научат нашите ора, сепак тие пленеа со својата совршена изведба и со носиите, кои ретко можат да се видат и во Македонија.

## МАКСИМАЛНА ПОДДРШКА ЗА ПРЕУБАВАТА ЗЕМЈА И НАРОД




Неговото Високо Преосвештенство г. Методиј Златанов, како домаќин-организатор на оваа Црковната конвенција, со особена чест од свое име и од име на црковната организација изрази топло гостопримство, како и благодарност за големата посетеност од страна на Македонците од Американско-канадската епархија. Исто така, тој во своето обраќање им порача на сите верници дека со ова заедничко дружење ќе ја направиме нашата Црква уште посилна, покажувајќи му на останатиот свет дека ние, Македонците, имаме заедница со вистинска и единствена вера.

На овој собир како почесен гостин присуствуваше и Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски Г.Г. Стефан кој, исто така, им се обрати на сите гости и во знак на










поддршка говореше за нераскинливата врска меѓу нашите во дијаспората и матичната земја, како и непоколебливиот став кој го има црквата по прашањето за името на Република Македонија.

Конгресменот Вилијам Паскрел од Њу Џерси ги поздрави присутните изразувајќи особена чест и задоволство што е дел од оваа Црковна конвенција. Тој им вети на присутните дека ќе ја продолжи неговата политика за максимална поддршка на Република Македонија по сите прашања, особено нагласувајќи ја заложбата која тој ќе ја даде по прашањето за името на Република Македонија. Конгресменот Паскрел во својот говор истакна дека ги чувствува Македонците и македонската држава блиски до себе, особено дека тоа чувство го стекнал во времето кога ја посетил Република Македонија, за која рече дека не само што е преубава земја, туку има преубав и гостопримлив народ.

## ЦРКВАТА Е МАЈКА ВОДИЛКА НА СÈ

За време на Црковната конвенција почесно обраќање имаше и премиерот на Република Македонија, господин Никола Груевски. Покрај поздравите за добрата организација и до сите присутни, тој даде краток осврт на сè она што оваа Влада постигнала во изминатиот период, како и она што треба да го направи во иднина, ветувајќи им уште еднаш дека сегашната македонска Влада и понатаму ќе се бори за зачувување и за неменување на уставното име на Република Македонија. Тој се обврзува по ова прашање единствено да го послуша гласот на народот преку референдум, доколку тоа е потребно, на што присутните во знак на поддршка возвратија со овации и ракоплескање. Господинот Никола Груевски уште еднаш ја потврди нераскинливата врска меѓу државата и Македонската православна црква, нагласувајќи дека Црквата е мајката водилка на сè она што македонскиот народ низ векови успеал да го издржи и да ги победи сите непријатели и дека и понатаму ќе биде стожер за зачувување на македонскиот идентитет и нација.

На оваа Црковна конвенција се одржа и работен состанок под водство на интернационалната невладина организација "Обединета македонска дијаспора". Членовите на оваа организација се успешни млади Македонци и лобисти, кои прв пат организирано дејствуваат, со цел и задача да ја претставаат Република Македонија во целост, бранејќи го ставот за името на Република Македонија во Стејт департментот во Вашингтон и пред поширoката светска јавност. Нивни заложби се да се воспостави конекција и синхронизација со матичната држава по ставовите за името. Од 2004 година тие спроведуваат анкета колку Македонците во дијаспората имаат заеднички став против промената на уставното име на Република Македонија, всушност тоа е петиција на која собрале 95.000 потписи. Исто така, беше презентирана забелешката која тие ја добиле во преговорите со Франција заради немањето на официјално македонско јавно тело, што всушност претставува аргументиран проблем за ставот на Франција кон Република Македонија.